Министерство за финансии
Сектор за управување со јавен долг

# Извештај за јавниот долг на Република Македонија за првиот квартал од 2010 година

## Содржина

1. Позначајни активности во првиот квартал на 2010 година ....2
2. Состојба на јавен долг ....5
2.1. Структура на јавниот долг ....6
2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг ....8
3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување ....9
4. Сервисирање на вкупниот јавен долг ....10
5. Гарантиран јавен долг ....10
6. Примарен пазар на државни хартии од вредност ....11
6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност ....12
6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност ....13
7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност ....13
7.1 Македонска Берза ....13
7.2 Пазар преку шалтер ....14
8. Контакти ....15

Скопје, 2010 година

# 1. Позначајни активности во првиот квартал на 2010 година

- ***Движење на вкупниот јавен долг*** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија во првиот квартал на 2010 година бележи зголемување од 126,5 милиони евра во споредба со претходниот квартал и заклучно март 2010 година изнесува 2.255,4 милиони евра, односно 32,7% од БДП. Ова зголемување на долгот е резултат на зголемувањето на домашниот долг на Народната банка на Република Македонија, по основ на издадените благајнички записи, кое во овој квартал изнесуваше 114 милиони евра. Кај државниот долг се забележува пораст од 4 милиони евра односно намалување од 0,9% поени во однос на БДП и во март 2010 година изнесува 1.601,2 милиони евра односно 23,2%, што е во рамките на Мастришкиот критериум за јавниот долг, според кој долгот на општата Влада односно државниот долг не смее да надминува 60% од БДП.

  Надворешниот јавен долг на крајот на март 2010 година изнесуваше 1.392,3 милиони евра и во однос на претходниот квартал се зголеми за 18,5 милиони евра. Оваа зголемување на надворешниот јавен долг се должи на зголемувањето на долгот на централната влада и на јавните претпријатија. Внатрешниот јавен долг во декември 2009 година изнесуваше 755 милиони евра, додека на крајот на март 2010 година изнесува 863 милиони евра. Ова зголемување на внатрешниот јавен долг од 108 милиони евра е резултат на зголемувањето на состојбата на благајничките записи кои Народна банка на Република Македонија ги издава за монетарни цели во износ од 114 милиони евра додека долгот на централна влада се намалува за 6 милиони евра.

  Учеството на надворешниот јавен долг во вкупниот јавен долг споредено со четвртиот квартал од 2009 година се намалува за 2,8% за сметка на учеството на внатрешниот јавен долг и изнесува 61,7%.

  Од аспект на валутната структура на јавниот долг во првиот квартал на 2010 година доминантно учество има долгот деноминиран во евра со 61,3% и споредено со претходниот квартал бележи намалување од 3,8 процентни поени. Долгот деноминиран во домашна валута во споредба со крајот на 2009 година се зголемува за 4,3 процентни поени и изнесува 18%, од кои само благајничките записи кои ги издава Народната банка на Република Македонија учествуваат со 16%.

  Во врска со каматната структура на портфолиото на вкупниот јавен долг, долгот со фиксни каматни на крајот од првиот квартал од 2010 година останува на исто ниво во споредба со четвртиот квартал од 2009 година и изнесува 51%, додека долгот со променлива каматна стапка изнесува 49%.

- ***Емисија на континуирани државни хартии од вредност*** – Во првиот квартал од 2010 година, на примарниот пазар на државни хартии од вредност се спроведоа вкупно три аукции на државни хартии од вредност со девизна клаузула со рок на достасување од шест месеци.

Вкупниот износ кој беше понуден за продажба на аукциите изнесуваше 5.400,00 милиони денари, побарувачката изнесуваше 5.481,43 милиони денари, а реализацијата изнесуваше 5.264,40 милиони денари. Од презентираните податоци за аукциите одржани во првиот квартал може да се констатира дека кај пазарните субјекти постои висок интерес за инвестирање на слободните парични средства во ваков тип на финансиски инструменти. Во прилог на ова говорат и високите вредности на процентот на реализација на аукциите кој изнесува 99,18%, како и на процентот на покриеност на понудата во однос на побарувачката кој изнесува 101,51%.

Трендот на намалување на каматните стапки на државните хартии од вредност кој започна во втората половина од 2009 година, продолжи и во текот на првиот квартал од 2010 година. Каматната стапка на 6-месечните државни записи со девизна клаузула на последната аукција спроведена во март 2010 година изнесуваше 4,99%, додека на аукција на 6-месечни државни записи со девизна клаузула спроведена во јануари 2010 година изнесуваше 5,20%. Од податоците за каматните стапки се забележува дека во првиот квартал од 2010 година каматните стапки на 6-месечните државни записи се намалија за 0,21 процентни поени.

Во текот на првиот квартал од 2010 година, вкупниот износ кој беше отплатен по основ на достасани државни хартии од вредност изнесуваше 5.354,83 милиони денари, додека нето задолжувањето по основ на издадени континуирани државни хартии од вредност беше негативно и истото изнесуваше – 77,66 милиони денари.

- ***Секундарен пазар на државни хартии од вредност*** **-** Во текот на првиот квартал од 2010 година, на пазарот преку шалтер е забележано незначително тргување со државни хартии од вредност (државни записи и државни обврзници), односно реализирани се пет трансакции со 6-месечни државни записи со девизна клаузула. Вкупниот номинален износ на тргување изнесуваше 133,65 милиони денари, што претставува зголемување за 14,53 милиони денари во однос на номиналниот износ на тргување остварен во четвртиот квартал од 2009 година.

Просечниот принос до достасување на реализираните трансакции со иницијална рочност од 6-месечни државни записи со девизна клаузула во првиот квартал од 2010 година изнесуваше 5,17%.

Во истиот временски период на Македонската берза се тргуваше со структурни (осум емисии на државни обврзници за денационализација и обврзници за старото девизно штедење) и со континуирани државни обврзници. Вкупниот обем на тргување во овој период изнесуваше 3,12 милиони ЕУР, односно 191,88 милиони денари, додека вкупниот остварен промет на тргување изнесуваше 2,26 милиони ЕУР или 167,97 милиони денари.

Во првиот квартал од 2010 година обемот на тргување со државните обврзници е помал за 1,90 милиони евра во однос на обемот на тргување во четвртиот квартал од

2009 година, како и прометот на тргување со структурните обврзници кој е намален за 2,34 милиони евра во однос на претходниот квартал.

**Таргети поставени во Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија 2010-2012 година и нивно остварување**

| Таргети | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно 31 декември 2009 година* | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно 31 март 2010 година* | Таргети за периодот 2010 до 2012 година |
|---|---|---|---|
| Однос меѓу вкупниот јавен долг и БДП | 27,1% | 26,2% | да не надминува 40% |
| Однос меѓу државен долг и БДП | 24,1% | 23,2% | да не надминува 30% |
| Однос меѓу вкупно гарантираниот долг и БДП | 2,6% | 2,6% | да не надминува 10% |
| Учество на евро долгот во вкупниот јавен долг | долг во евра-77,1% | долг во евра-76,5% | да не биде под ниво од 70% |
| Нето задолжување во 2010 година | - | 10,3 мил.ЕУР | 350 мил. евра |
| Нето задолжување по основ на гарантиран јавен долг во 2010 | - | 3,8 мил. ЕУР | 150 мил. евра |

**При следење на реализацијата на таргетите, долгот на НБРМ не е вклучен во пресметките за вкупниот јавен долг, согласно член 7 став 5 од Законот за јавен долг.*

# 2. Состојба на јавен долг

(во милиони ЕУР)

| | Q2 2009 | Q3 2009 | Q4 2009 | Q1 2010 |
|---|---|---|---|---|
| **НАДВОРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **1.117,8** | **1.357,5** | **1.373,8** | **1.392,3** |
| Државен долг | 925,8 | 1.098,0 | 1.105,3 | 1.114,9 |
| Долг на централна Влада(консолидиран) | 925,8 | 1.098,0 | 1.105,3 | 1.114,9 |
| Централна Влада | 893,0 | 1.067,1 | 1.074,4 | 1.085,8 |
| Јавни фондови | 32,7 | 30,9 | 30,9 | 29,1 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 0,0 | 71,5 | 71,7 | 73,9 |
| Јавни претпријатија | 192,1 | 188,1 | 196,8 | 203,5 |
| **ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **632,9** | **663,3** | **755,0** | **863,0** |
| Државен долг | 471,7 | 453,1 | 492,0 | 486,3 |
| Долг на централна Влада | 471,4 | 452,8 | 491,7 | 486,0 |
| Структурни обврзници | 315,1 | 312,9 | 282,5 | 278,4 |
| Обврзница за селективни кредити | 17,0 | 17,0 | 16,9 | 16,9 |
| Обв. за приватизација на Стопанска банка | 47,2 | 45,1 | 42,9 | 40,8 |
| Обврзница за старо девизно штедење | 127,4 | 127,4 | 101,9 | 101,9 |
| Обврзници за денационалнизација | 123,5 | 123,5 | 120,7 | 118,8 |
| Континуирани ДХВ | 156,3 | 139,9 | 209,2 | 207,6 |
| Општини | 0,3 | 0,3 | 0,3 | 0,3 |
| Централна банка | 158,2 | 207,4 | 260,4 | 374,4 |
| Јавни претпријатија | 3,0 | 2,8 | 2,7 | 2,3 |
| **ВКУПЕН ЈАВЕН ДОЛГ-Според ГФС методологијата и Законот за јавен долг** | **1.750,7** | **2.020,8** | **2.128,8** | **2.255,4** |
| Надворешен долг како % од вкупен јавен долг | 63,8 | 67,2 | 64,5 | 61,7 |
| Домашен долг како % од вкупен јавен долг | 36,2 | 32,8 | 35,5 | 38,3 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 27,0 | 31,2 | 32,1 | 32,7 |
| Вкупен јавен долг како % од извоз | 71,2 | 95,9 | 110,8 | 108,9 |
| **Државен долг** | **1.397,5** | **1.551,1** | **1.597,2** | **1.601,2** |
| Надворешен државен долг како % од вкупниот државен долг | 66,2 | 70,8 | 69,2 | 69,6 |
| Внатрешен државен долг како %од вкупниот државен долг | 33,8 | 29,2 | 30,8 | 30,4 |
| Државен долг како % од БДП | 21,6 | 24,0 | 24,1 | 23,2 |
| Државен долг како% од просечен извоз | 56,8 | 73,6 | 83,1 | 77,3 |

*Извор:МФ и НБРМ*

## 2.1. Структура на јавниот долг

Движење на внатрешниот и надворешниот јавен долг




*Извор:Мф*

Каматна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Валутна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*




*Извор:Мф*




*Извор:Мф*

Структура на надворешен јавен долг по кредитори заклучно 31 декември 2009




*Извор:МФ и НБРМ*

Структура на надворешен јавен долг по кредитори заклучно 31март 2010




*Извор:МФ и НБРМ*

Структура на внатрешниот јавен долг




*Извор:МФ*

## 2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг

| Просечно време на достасување – ATM (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 | 31.12.09 | 31.03.10 |
| Внатрешен јавен долг | 1,79 | 2,17 | 1,98 | 1,76 | 1,65 |
| Надворешен јавен долг | 8,44 | 8,30 | 8,16 | 7,22 | 7,21 |
| Вкупен јавен долг | 5,94 | 6,23 | 6,02 | 5,51 | 5,44 |

*Извор: МФ*

| Просечно време до рефиксирање– ATR (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 | 31.12.09 | 31.03.10 |
| Внатрешен јавен долг | 1,54 | 1,91 | 1,75 | 1,56 | 1,55 |
| Надворешен јавен долг | 6,98 | 6,63 | 6,62 | 5,95 | 5,84 |
| **Вкупен јавен долг** | **4,94** | **5,04** | **4,94** | **4,58** | **4,28** |

*Извор: МФ*

| Времетраење (Duration) на внатрешен јавен долг (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 | 31.12.09 | 31.03.10 |
| Структурни обврзници | 1,90 | 2,18 | 1,93 | 1,97 | 1,81 |
| Континуирани ДХВ | 0,50 | 0,25 | 0,36 | 0,31 | 0,22 |
| Внатрешен јавен долг | 1,37 | 1,54 | 1,39 | 1,26 | 1,14 |

*Извор: МФ*

# 3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување

## Повлекувања по основ на кредити

| Во милиони евра | Q1-2009 реализација | Q2-2009 реализација | Q3-2009 реализација | Q4-2009 реализација | Q1-2010 реализација | Планирани повлекувања во Q1-2010 | Процент на реализација во Q1-2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен јавен долг** | **8,5** | **18,9** | **254,4** | **46,4** | **20,5** | **19,8** | **104%** |
| **Државен долг** | **5,3** | **14,8** | **186,5** | **14,8** | **9,5** | **9,1** | **103%** |
| **Долг на централна влада** | **5,3** | **14,8** | **186,5** | **14,8** | **9,5** | **9,1** | **103%** |
| **Официјални кредитори** | **5,3** | **14,8** | **11,5** | **14,8** | **8,5** | **9,1** | **92%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **2,6** | **11,8** | **6,3** | **10,1** | **4,9** | **4,9** | **100%** |
| ИБРД | 2,6 | 6,8 | 6,3 | 10,1 | 4,9 | 4,9 | **100%** |
| ЦЕДБ | 0,0 | 5,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | - |
| **Билатерални кредитори** | **2,6** | **3,0** | **5,2** | **4,8** | **3,5** | **4,2** | **83%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **0,0** | **175,0** | **0,0** | **1,0** | **0,0** | **-** |
| **Јавни претпријатија** | **3,2** | **4,2** | **67,9** | **31,6** | **11,1** | **10,7** | **104%** |
| **Официјални кредитори** | **3,2** | **4,2** | **5,1** | **22,4** | **11,1** | **10,7** | **104%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **1,8** | **2,6** | **4,5** | **22,4** | **10,0** | **9,6** | **104%** |
| ИБРД | 0,4 | 0,9 | 2,7 | 0,0 | 0,3 | 0,3 | 100% |
| ЕБРД | 1,4 | 1,7 | 1,8 | 0,8 | 2,4 | 2,0 | 120% |
| ЕИБ | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 12,5 | 7,3 | 7,3 | 100% |
| ММФ | 0,0 | 0,0 | 62,8 | 9,2 | 0,0 | 0,0 | - |
| **Билатерални кредитори** | **1,4** | **1,5** | **0,6** | **0,0** | **1,1** | **1,1** | **100%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **-** |

*Извор:МФ и НБРМ*

## Нето емисија на континуирани државни хартии од вредност и структурни обврзници

| | *во милиони евра* | Q1-2009 | Q2-2009 | Q3-2009 | Q4-2009 | Q1-2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Нето издадени континуирани државни хартии од вредност | 84,31 | -52,65 | -16,02 | 67,56 | -1,21 |
| 1 | 1-месечни ДЗ | 66,3 | -66,3 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| 2 | 3-месечни ДЗ | 24,3 | -2,5 | -49,9 | 11,7 | -51,3 |
| 3 | 6-месечни ДЗ | -1,3 | -4,0 | 28,8 | 69,5 | 50,1 |
| 4 | 12-месечни ДЗ | -1,1 | 20,5 | 5,1 | -1,8 | -0,1 |
| 5 | 2-годишна ДО | -3,9 | -0,3 | 0,0 | -7,1 | 0,0 |
| 6 | 3-годишна ДО | 0,0 | 0,0 | 0,0 | -4,8 | 0,0 |
| II | 8-та емисија на обврзница за денационализација* | | 23,0 | | | |
| I+II | *Вкупно* | *84,31* | *-29,65* | *-16,02* | *67,56* | *-1,21* |

*По основ на обврзниците за денационализација нема реален прилив на средства во Буџетот на Република Македонија туку тие се емитуваат за решавање на структурни проблеми.

*Извор:МФ*

# 4. Сервисирање на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф и НБРМ*

# 5. Гарантиран јавен долг




*Извор:МФ и НБРМ*

# 6. Примарен пазар на државни хартии од вредност

## Аукции на државни хартии од вредност во Q1-2010

| Резултати од аукции на државни хартии од вредност | | | |
|---|---|---|---|
| | ***Јануари 2010*** | ***Февруари 2010*** | ***Март2010*** |
| | ***6 месеци*** | ***6 месеци*** | ***6 месеци*** |
| *Ознака на аукција* | ДЗ2010/01-180 дк | ДЗ2010/02-182 дк | ДЗ2010/03-189 дк |
| *ISIN код* | MKMINFDSA019 | MKMINFDSA027 | MKMINFDSA035 |
| *Денови/години на доспасување* | 180 | 182 | 189 |
| *Датум на аукција* | 05.01.2010 | 02.02.2010 | 02.03.2010 |
| *Датум на доспасување* | 07.07.2010 | 04.08.2010 | 08.09.2010 |
| *Девизен курс ДЕН/ЕУР:* | 61.1659 | 61.4061 | 61.5238 |
| *Каматна стапка* | 5.20 | 5.00 | 4.99 |
| *Цена* | 97.4659 | 97.5345 | 97.4471 |
| *Понуда* | 1,900,000,000 | 1,500,000,000 | 2,000,000,000 |
| *Побарувачка* | 1,780,810,000 | 1,717,030,000 | 1,983,590,000 |
| *Реализација* | 1,780,810,000 | 1,500,000,000 | 1,983,590,000 |
| *Bid to cover ratio** | 1 | 1.14 | 1 |
| *Доставени понуди* | 13 | 14 | 15 |
| *Прифатени понуди* | 13 | 14 | 15 |

* Овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката.

*Извор:МФ*

| Каматни стапки на аукциите на државни хартии од вредност со девизна клаузула одржани во 2009 и 2010 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на аукција** | **3-месечни ДЗ** | **6-месечни ДЗ** | **12-месечни ДЗ** |
| | **Каматна стапка** | **Каматна стапка** | **Каматна стапка** |
| 16.06.2009 | 5,25 | | 7,00 |
| 23.06.2009 | | | 7,00 |
| 07.07.2009 | | 5,25 | |
| 21.07.2009 | | | 5,70 |
| 04.08.2009 | | 5,50 | |
| 01.09.2009 | 5,40 | | |
| 06.10.2009 | | 5,50 | |
| 03.11.2009 | | 5,50 | |
| 01.12.2009 | 5,30 | | |
| 05.01.2010 | | 5,20 | |
| 02.02.2010 | | 5,00 | |
| 02.03.2010 | | 4,99 | |

*Извор:МФ*




*Извор:МФ*

## *6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност*







***Извор: Министерство за финансии***

## *6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност*







*Извор:МФ и Македонска берза*

# 7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност

## *7.1 Македонска Берза*




*Извор: МФ и Македонска берза*

**Принос до достасување на структурните државни обврзници**




*Извор: МФ и Македонска берза*

## *7.2 Пазар преку шалтер*

**Склучени трансакции на пазарот преку шалтер со државни записи,**
**март 2009 - март 2010**




***Извор: Народна банка на Република Македонија***

# 8. Контакти

| Контакт лице | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Ана Стојкова | Раководител на одделение за задолжување и инвестирање | 3106-293 | ana.stojkova@finance.gov.mk |
| Афердита Реџепи | Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-327 | aferdita.redzepi@finance.gov.mk |
| Дејан Деспотоски | Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-578 | dejan.despotoski@finance.gov.mk |